# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 27 Септември 2007 година<br>Службен гласник број 18<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

*Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* ***www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ -УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО – СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ И ПОКРИВНИ ЕЛЕМЕНТИ СО ПРАТЕЧКИ СОДРЖИНИ, ВО М.В. “БЕГОВА ЛИВАДА”, КП БР.4090, КО ВАРОШ, ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување на Нацрт-Урбанистички план вон населено место – стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содржини, во м.в. “Бегова Ливада”, КП бр.4090, КО Варош, во општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/3
27.09.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 25.09.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место- стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содржини,м.в. “Бегова Ливада”,КП бр.4090,КО Варош, во Општина Прилеп**

**Чл.1**

Се утврдува **Нацрт на Урбанистички план вон населено место- стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содрыни,во м.в.”Бегова Ливада”** на КП бр.4090, КО Варош,во Општина Прилеп, како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

Границата на опфатот на планот оди по границите на КП бр.4090 на север до постојниот отворен канал према регионалниот пат Р-516 – Прилеп –Крушево,**или вака**

**определениот опфат е со површина од 0,54ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Програма за дополнување на Програмата** за донесување на урбанистички планови во Општина Прилеп за 2006год.

**2. Елаборат за Услови за планирање на просторот** ,техн.бр.14006 од Јуни 2006год.,изработен од Агенција за планирање на просторот -Скопје.

**3.Решение за Услови за планирање на просторот** бр.15-2927/4 од 03.07.2006год.,издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање од Скопје.

**4. Урбанистички план вон населено место- за стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи,** на КП бр.4090 КО Варош, м.в."Бегова Ливада " во Општина Прилеп- **фаза Нацрт план** ,техн.бр.17/07, од Август 2007год. изработен од ДООЕЛ"Стил Проект"од Прилеп, кој е составен од текстуален и графички дел.

**СОДРЖИНА**

-Општо
-Вовед
-Цел на изработка на планот
-Методологија на изработка на планот
-Граници на плански опфат и површини

**А. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел**

- Регионална поставеност на комплексот и микролокациски услови
- Историјат на планирањето на просторот
- Природни карактеристики
- Анализа на изграден фонд и инфраструктурна опременост на комплексот и неговата околина
- Насоки на просторен концепт и развој
- **Нумерички дел**
- Нумерички показатели за постојната состојба
- **Графички прилози**
- **И**звод од просторен план на РМ
- Прегледнакарта М=1:25000
- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
- Инвентаризација на постоен градежен фонд и постојна инфраструктура М=1;1000

**Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Текстуален дел**

-Намена на земјиштето
- Површини заградба и висински план
- Урбанистичко арх.услови и елементи на заштита на просторот
- Инфраструктура
- Економско образложение
- Општи и посебни услови за изградба

**Нумерички дел**

Нумерички и билансни показатели за планираната состојба

**Графички прилози**

-Планско решение на намена на земјиште М=1:1000
-Планско решение на површините за градба со регулациони и градежни линии М=1:1000
-Планско решение за сообраќај и зеленило со нивелманско решение М=1:1000
-Планско решение за инфраструктура М=1:1000
-Синтезен план М=1:1000

**5.Извештај за извршена стручна ревизија** ,техн.бр.136/2007, **изработена од ДОО "Ин -Пума " од Скопје** од Јуни 2007год.

**6.Одговор на забелешките од** стручната ревизија-изработен од **ДООЕЛ"Стил Проект"од Прилеп,** од Јуни 2007 год.

**7.Стручно мислење бр.17-8647 од 19.07.2007год**. од МТВ-Сектор за уредување на просторот –Скопје.

**8.Одговор по забелешките од стручното мислење** ,изработен од ДООЕЛ "Стил Проект"техн.бр.17/07, од Август 2007.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2124/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2007г. на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Одлуката за донесување Измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), И чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 став 1,точка 15, од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.26 ст.1 точка 7, од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 25.09.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување измени и дополнувања на програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2007година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистички планови за 2007 година за Општина Прилеп ,донесена под бр.07-2351 /3 од 14.12.2006година, измени и дополнувања бр.о7-2435/10 од 21.12.2006 година и бр.07-416/7 од 14.02.2007година, во делот под точка **А-ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ** ,се додаваат нова точки 23, 24 и 25 кои гласат:

“**23.Детален урбанистички план за УАЕ бр.15, урбан блок 15/1 –дел,** измени и дополнувања.

“**24.Детален урбанистички план за УАЕ бр.9, урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 –дел,** измени и дополнувања.

“**25.Детален урбанистички план за УАЕ бр.9, урбан блок 9/2, кварт 1и 2- делови,** измени и дополнувања.”

**Под точка Б-Урбанистички планови вон населени места** ,се додаваат нови **точки 13 и 14** кои гласат:

“13. **Урбанистички план вон населено место** за изградба на **стопански комплекс за изработка на украсен архитектонско-градежен камен** на КП бр.1009 и 10010, КО Алинци, во Општина Прилеп, по барање на ДООЕЛ “Голд стоун Компани”.

**14.Урбанистички план вон населено место** за изградба на фарма за свињи, на КП бр.2950/1, КО Прилеп, М.В. “Тражица”, во Општина Прилеп, по барање на лицето Трајчески Роберт.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “ Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 2124/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТНА СТАТУТОТ БРОЈ 03-75/9 ОД 30.07.2007 Г.ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ – ПРИЛЕП, БР. 01-1/1 ОД 15.02.2005 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Статутот број 03-75/9 од 30.07.2007 година, за дополнување на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови – Прилеп, бр. 01-1/1 од 15.02.2005 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина прилеп на седницата , одржана на 25.09.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на Статутот број 03-75/9 од 30.07.2007 година, за дополнување на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови – Прилеп, бр. 01-1/1 од 15.02.2005 година

1.Се дава согласност на Статутот број 03-75/9 од 30.07.2007 година, за дополнување на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови – Прилеп, бр. 01-1/1 од 15.02.2005 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 2124/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СОЕПТУ “КУЗМАН ЈОСИФОСКИ ПИТУ” ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКА СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ**

1. Решението за давање согласност на СОЕПТУ “Кузман Јосифоски Питу” за формирање паралелка со помал број ученици, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” 52/2002-пречистен текст, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006 и 30/2007) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/2002) и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 25.09. 2007 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на СОЕПТУ “Кузман Јосифоски – Питу” за формирање паралелка со помал број ученици

1. На СОЕПТУ “Кузман Јосифоски – Питу” Прилеп му се дава согласност да формира паралелка – економски техничар, со помал број ученици, односно 23 ученици, во **I**-ва година во учебната 2007/2008 година.

2. Решението да се достави до СОЕПТУ “Кузман Јосифоски – Питу”, Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07- 2124/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09. 2007 год. на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ОД НЕВРЕМЕТО НА 18.08.2007 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Збирен Извештај за проценетата штета на подрачјето на општина Прилеп од невремето на 18.08.2007 година
се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.09.2007 година, претресувајќи го Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на општина Прилеп од невремето на 18.08.2007 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на општина Прилеп од невремето на 18.08.2007 година

1. Се усвојува Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на општина Прилеп од невремето на 18.08.2007 година.
2. Заклучокот и Збирниот Извештај да се достават до Владата на Република Македонија и надлежното министерство.
3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2124/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2007 годи. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СОУ “ОРДЕ ЧОПЕЛА” – ПРИЛЕП ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ**

1. Решението за давање согласност на СОУ “Орде Чопела” – Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” 52/2002-пречистен текст, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006 и 30/2007) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/2002) и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 25.09. 2007 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на СОУ “Орде Чопела”-Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици

1. На СОУ “Орде Чопела”-Прилеп му се дава согласност да формира паралелки со помал број ученици во учебната 2007/2008 гидина и тоа:
- Паралелка - земјоделско-ветеринарна струка образовен профил - техничар за фармерско производство, со помал број ученици, односно 22 ученици во **I-**ва година;

- Паралелка – земјоделско-ветеринарна струка образовен профил - техничар за фармерско производство, со помал број ученици, односно 22 ученици, во **II**-ра година;

- Паралелка – земјоделска струка, образовен профил – тутунски техничар, односно 24 ученици, во **IV**-та година;

- Паралелка – хемиско-технолошка струка, образовен профил – прехранбен техничар, односно 23 ученици, во **IV**-та година.

2. Решението да се достави до СОУ “Орде Чопела” - Прилеп, Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07- 2124/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09. 2007 год. на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СОУ “РИСТЕ РИСТЕСКИ – РИЧКО” - ПРИЛЕП ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ**

1. Решението за давање согласност на СОУ “Ристе Ристески – Ричко” - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2135/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” 52/2002-пречистен текст, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006 и 30/2007) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/2002) и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 25.09. 2007 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на СОУ “Ристе Ристески – Ричко” за формирање паралелки со помал број ученици

1. На СОУ “Ристе Ристески – Ричко” Прилеп му се дава согласност да формира паралелки со помал број ученици, во учебната 2007/2008 година и тоа:

- 1 (еден) клас со 20 ученици – електротехничар енергетичар во II година.

-1 (еден) клас со 23 ученици – автомеханичар, во II година.

-1 (еден) клас со 19 ученици – електротехничар и електромеханичар за електронски уреди во III година.

-1(еден) клас со 14 ученици – автоелектричар во III година.

-1 (еден) клас со 16 ученици – автомеханичар во III година.

-1 (еден) клас со 21 ученик – машински техничар во IV година.

-1 (еден) клас со 23 ученици – машинско- енергетски техничар во IV година.

2. Решението да се достави до СОУ “Ристе Ристески – Ричко”, Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07- 2124/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2007 год. на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стevананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2135/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.09. 2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година.

**Член 2**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 г. („Службен гласник на општина Прилеп" 16/2006) , во членот 6 став 1 алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат :

**„- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 44,11 денари.**

**- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 4.829,оо денари."**

**Член 3**

Оваа Одлука ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", стапува во сила со денот на објавувањето , а ќе се применува од 01 Септември 2007 година.

Број 07 – 2124/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.09.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА, ВО ДЕЛОТ НА НАМЕНСКИТЕ И БЛОК ДОТАЦИИТЕ**

1. Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, во делот на наменските и блок дотациите, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2135/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
27.09.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

# *С О Д Р Ж И Н А*
## *на “Службен гласник на Општина Прилеп” број 18 од 27.09.2007 година*

1. Одлука за утврдување на Нацрт-Урбанистички план вон населено место – стопански комплекс за производство на челични конструкции и покривни елементи со пратечки содржини, во м.в. “Бегова Ливада”, КП бр.4090, КО Варош, во општина Прилеп. **.................................................Стр.1**

2. Одлука за донесување Измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2007 година. **...........................................................................................Стр.3**

3. Решение за давање согласност на Статутот број 03-75/9 од 30.07.2007 година, за дополнување на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови – Прилеп, бр. 01-1/1 од 15.02.2005 година**.............Стр.4**

4. Решение за давање согласност на СОЕПТУ “Кузман Јосифоски Питу” за формирање паралелка со помал број ученици.......**................................Стр.4**

5. Заклучок за усвојување на Збирен Извештај за проценетата штета на подрачјето на општина Прилеп од невремето на 18.08.2007 година. **........Стр.5**

6. Решение за давање согласност на СОУ “Орде Чопела” – Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици......**....................................Стр.5**

7. Решение за давање согласност на СОУ “Ристе Ристески – Ричко” - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици**.........................Стр.6**

8. Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Прилеп за 2007 година. **.................................................................Стр.7**

9. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Прилеп за 2007 година, во делот на наменските и блок дотациите. **.................................Стр.8**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.